# Стилски фигури

## Епитет

# Стилски фигури (изразни средства)

Стилските фигури познати како и изразни средства, авторите ги употребуваат за да постигнат поголема

**сликовитост, емоционалност, музикалност** на творбата.

- Со нив творбата стилски се збогатува и станува попривлечна за читателот.

# Прочитајте ги внимателно двете песни и обрнете внимание на зборовите кои ги објаснуваат именките !

## Белиот ориз

Ден сјаен стапил
в матни води
и сејач во нив стапи.
Зад боси нозе траг се роди
од матен бран се напи.




Србо Ивановски

**Обрнете внимание на подвлечените зборови!**

## Лимон

Ако можеш, намини
на свежи витамини:
од сончеви падини,
лимонови градини.
И здравје и понада
во чаша лимонада.

Петре М. Андреевски






## Кои зборови ги откри во песните што ја објаснуваат именката ?

свежи (витамини)
сончеви (падини)
лимонови (градини)
белиот (ориз)
(ден) сјаен
матни (води)
боси (нозе)
матен (бран)

За да постигне поголема сликовитост, поетот во песните употребил зборови преку кои се откриваат особини кои ја определуваат именката.

# Епитет

Сите подвлечени зборови во песните ја појаснуваат именката.

Ваквите зборови што ја објаснуваат именката се викаат **епитети**.

**Епитетот** е стилско изразно средство (збор) што стои до некој збор (најчесто до именка) и открива некоја важна особина на предметите, односно појавите или чувствата искажани со именката.

# Епитет

За епитети најчесто се употребуваат придавките.

Во функција на епитет може да се јави и именката

Примери:

<u>сино</u> небо
<u>рана</u> пролет
<u>жолто</u> жито
<u>бели</u> облаци
<u>плашлива</u> срна

Примери:

„<u>Сила</u> човек е тој“
„Изникна <u>јавор</u> дрво“

# Епитет

Епитетот може да биде пред именката

Може да стои и зад именката

**Примери:**

<u>свежи</u> витамини
<u>сончеви</u> падини
<u>лимонови</u> градини

**Пример:**

„Во секој орев јатки <u>златни,</u>
ко сестрички <u>честопатни</u>“

# Епитет

Епитетот може да се удвои

„Крај бистра вода студена
На росна трева зелена“

„Како на вратот ѓердани
ниски камења студени“
Денови- Кочо Рацин

# Вежби

Напишете по три епитети за секоја именка

| | | | |
|---|---|---|---|
| папагал | шарен | гласен | мал |
| цвеќе | | | |
| книга | | | |
| телефон | | | |

# Во дадените стихови пронајди четири епитети!

Ти ли беше пролет

Ненадејно дојде во нашиот двор.
Врз цршата бели ѕвезди фрли,
под стреата -ластовички хор
и два штрка на стариот брест,
а не чувме ни чекор, ни ѕвон,
не те сети ни будниот пес.

В. Димитровски

Напиши строфа со четири стиха каде ќе ја опишеш природата во пролет употребувајќи епитети.

Читајте внимателно и забележувајте во вашите тетратки! Во учебникот оваа наставна содржина се наоѓа на 105 страна.

# Стилски фигури

# Епитет

март 2020